**Бр.** 12-3166/2

**Скопје** 23.08.**2021г.**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 13 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 248/18), а согласно член 20 став 1 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-3166/1 од 20.08.2021 година, поднесено од барателот на информација Адвокатско друштво Поповски и Партнери,
на ден 20.08.2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-3166/1 од 20.08.2021 година, поднесено од барателот на информација Адвокатско друштво Поповски и Партнери, со кое се бара следната информација од јавен карактер, и тоа:
   1. Истражување „Преференции на публиката за спортски содржини" направено од РЕСИС Скопје, за период 6-15 декември 2019 година.

2. **СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, на начин што примерок од бараното истражување се доставува во прилог на ова Решение (Прилог бр.1).

**О б р а з л о ж е н и е**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Адвокатско друштво Поповски и Партнери, info@pp-lf.com, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-3166/1 од 20.08.2021 година, со кое се бара информација од јавен карактер која е наведена во точка 1 на диспозитивот на ова Решение, односно Истражување „Преференции на публиката за спортски содржини" направено од РЕСИС Скопје, за период 6-15 декември 2019 година.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараната информација од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нејзина недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараната информација, која како прилог бр.1 се доставува во прилог на ова Решение.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 13 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 248/18), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

____________________

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по овластување на Директорот,**

____________________

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Прилог: (1)**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Прилог бр. 1

# СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

*Преференци на публиката за спортски содржини*

12/18/2019

Содржина

МЕТОДОЛОГИЈА .......... 2
Структура на примерокот според релевантни социо – демографски карактеристики .......... 2
РЕЗУЛТАТИ .......... 3

# МЕТОДОЛОГИЈА

## ЦЕЛНИ ГРУПИ И ПРИМЕРОК

Истражувањето е реализирано со примена на квантитативна истражувачка методологија. При тоа е користена истражувачката техника на телефонско анкетирање со помош на компјутер (CATI Computer assisted telephone interview).

Со истражувањето беа опфатени вкупно 1101 испитаника, репрезентативни за популација на возраст од над 15 години, на територија на цела Северна Македонија.

Примерокот на испитаници е избран и структуриран со примена на три етапно стратифицирање, според податоците за број на жители од Државниот завод за статистика на РСМ.

Статистичката грешка на ова истражување е +/-3,46%.

Испитаниците кои ги правеа интервјуата беа членови во домаќинство кои имаат 15 и повеќе од 15 години. Реализацијата на интервјуата се одвиваше од 06-ти до 15-ти Декември 2019 година.

## Структура на примерокот според релевантни социо – демографски карактеристики

| | | Процент % |
|---|---|---|
| **Пол** | Машки | 50% |
| | Женски | 50% |
| **Возраст** | 15-18 | 11% |
| | 19-29 | 20% |
| | 30-39 | 19% |
| | 40-49 | 18% |
| | 50-59 | 14% |
| | над 60 | 18% |
| **Етничка припадност** | Македонец/ка | 72% |
| | Албанец/ка | 25% |
| | Турчин/ка | 1% |
| | Ром/ка | 1% |

| | | |
|---|---|---|
| | Србин/ка | 1% |
| | Бошњак/чка | 0,4% |
| | Влав/Влаинка | 0,1% |
| | Друго | 0,2% |
| **Место на живеење** | Урбано | 55% |
| | Рурално | 45% |
| **Регион** | Вардарски | 8% |
| | Источен | 9% |
| | Југозападен | 11% |
| | Југоисточен | 9% |
| | Пелагониски | 10% |
| | Полошки | 15% |
| | Североисточен | 9% |
| | Скопски | 29% |

## РЕЗУЛТАТИ

***Дали Вие редовно следите фудбал?***




Прашања што следат се однесуваат само на испитаници кои редовно следат фудбал и кои на претходното прашање одговориле потврдно со "Да".

***Преку кој оператор вашето домаќинство ги прима телевизиските канали што ги гледате?*** *(Одговараат само испитаниците кои гледаат фудбал – вкупно 433 испитаници)*




Речиси половина од испитаниците кои следат фудбал, услугата ја добиваат преку кабелски оператор (48%), додека пак нешто помал процент (37%) фудбал следат преку Макс ТВ, односно Телеком. 12% од испитаниците кои следат фудбал, тоа го прават преку операторот А1, а само 3% фудбал следат сателитски, на интернет, IPTV и друго.

***Кога би требало да бирате, односно да гледате само една од следниве две опции, која би ја избрале?*** *(Одговараат само испитаниците кои гледаат фудбал – вкупно 433 испитаници)*




Испитаниците кои гледаат фудбал беа запрашани за нивниот прв избор за следење фудбал. Осум од десет испитаници кога би морале да одберат само една од двете понудени опции, би одбрале да гледаат УЕФА, односно Лига на шампиони и Лига на Европа (82%), додека пак само 18% одбираат да гледаат Национални лиги и Национални купови.